**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**УПП бр.03____________2023**

СКОПЈЕ

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## - од работна посета во Основен суд Ш. -

Судскиот совет на Република Северна Македонија, во рамки на следење на работата во Основен суд Ш. , а врз основа на донесен заклучок бр.03-307-1 од 06.02.2023 година со кој е формирана работна група составена од членовите на Судски совет на РСМ, во состав од координаторот за следење на работата на овој суд членот М.С. како и членовите И.Н. и З.Г., која работна посета беше спроведена на ден 07.02.2023 година.

За одговорен член на работната посета определен е член на Советот М.С. , согласно распоред за работа на ССРСМ ,за тековнста година 2023 бр.02-2320/1 од 30.12.2022 година.Во рамките на работната посета потребно беше да се изврши увид во работата на судиите на ОС Ш. , согласно чл.20 став 3 од Судскиот деловник и тоа;

Почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките;

- Констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот;
- Состојба со старите предмети во судот;

- Оптовареност на судиите согласно распоредот за работа.
-

Согласно заклучокот работна група на ден 07.02.2023 година, изврши работна посета на  Основен суд Ш. , по претходно прибавени потребни податоци од работната група, односно кординаторот за следење на работата во ОС Ш. , со цел успешно реализирање на посетата.

Во  Основен суд Ш. , во почетокот на 2022 година судот работил со 13- а сега 12 судии заедно со претседател на судот , кој исто така работи во кривична материја и 61 вработени во службата, додека по систематизација на судиски места во судот се определени 16-судии како и согласно правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места предвидени се 120 работни места.  Основен суд Ш.  во текот на 2021 година бил ажурен суд, додека во 2022 годината, судот започнал со 3233 нерешени предмети, примил на работа 23527, додека вкупно имал на работа 26760 предмети од кои решил 22941 предмети, а останале нерешени 3819 предмети, но иако во текот на 2022 година бил неажурен суд, сепак во четвртиот квартал се оценува како ажурен, бидејќи од вкупно примени предмети од 5386, биле решени 6394 ,што значи судот го совладел приливот со повеќе од 1005 решени предмети и се приметува благо покачување на работата на судот, кој тренд  на работа се очекува да продолжи во текот на 2023 година.

Посетата започна со состанок со Претседателот на  Основен суд Ш. , при што членот на Советот  М.С.  како одговорен член истакна дека посетата е согласно добиениот заклучоклот донесен од страна на ССРСМ, а кој веќе бил примен и во судот, дека целта на посетата е да се изврши анализа и проверка на состојбата на стари нерешени предмети , во делот на функсионирање на АКМИС системот по однос на распределба на предмети и работата на претседателот и судиите, но и нивните забелешки доколку ги има и во кој дел, потоа контролите извршени од Апелационен суд по однос на постапување со предметите, начин на достава  како и меѓусебните односи меѓу судии и вработените во судот, односите со јавноста по однос на транспарентност како суд, проблемите со кои се соочува, недостатоците по однос на условите и намалениот број на судии и вработени  во судот со посебен акцент за итно решавање доколку ги има, начин на постапување во насока на

подобрување на условите и атмосферата за работа во судот, а во таа насока исто така беа повикани и претседателите на кривичен и граѓански оддел, а со цел изнаоѓање на брзо надминување на секојдневни проблеми доколку ги има за одвивање на нормална работна атмосфера и по ефикасно постапување и работење во судот.

Во таа насока на увид беа побарани повеќе предмети од разни уписници во судот со табелен преглед по месеци и години, интерна книга – уписник СУ-ИЗЗ, листа на поставените бранители по службена должност како и листа на бранители кои учествуваат во постапка за малолетници, извештај за одржани состаноци по однос на постапување по предмети, при што секој од членовите на работна група имаше посебна улога по однос на извршен увид во предметите во разни уписници односно предмети по разни материи и дискусии со судии со цел надминување на проблемите доколку ги имаат во во нивното секојдневно постапување и одлучување со предмети.

## УВИД ВО ИНТЕРНА КНИГА ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА БРАНИТЕЛИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ КАКО И УПИСНИК СУ-ИЗЗ

Од увидот во интерната книга за ангажирање на бранители поставени по службена должност во судот во кривични предмети од вкупно 80 адвокати, согласно адвокатскиот роковник како адвокати по службена должност се ангажираат и именуваат адвокати по предмети зависно од природата и карактерот на предметот, така што секој да добива и да се израмни бројот на сите адвокати од списокот, а при увидот не се пронајдени недостатоци при поставување односно определување на бранители по службена должност, што во овој дел се внимавал на нивната еднаквост при постапување со цел да се израмни нивниот број. По однос на барањата за изземање во текот на 2022 година беше констатирано дека се поднесени вкупно 99 барања за изземање, но поголем дал од нив по основа на законски пречки, а не поради нарушени односи или блиски односи со странки,така што од сите поднесени изземања 89 биле усвоени, додека само 10 одбиени.

**ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АКМИС СИСТЕМОТ ПО ОДНОС НА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕДМЕТИТЕ КАКО И ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА ПО ОДНОС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА СУДОТ**

Од извршен увид по однос на движењето на предметите во судот, и судската управа, по однос на почитување на одредбите од Законот за управување  со движење на предметите во судот и Судскиот деловник, за тоа цел беше обавен разговор со Претседател на судот, судскиот администратор како и работното тело на судот. Видно е дека редовно се одржуваат седници на судии на месечно ниво и се изготвени записници од одржани седници на месечно ниво со судии. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени се до Претседател на судот за спроведување на годишен план за управување со движење предмети во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување, согласно чл.8 од ЗУДПС. Исто така за следење на судска пракса биле определени раководителите на кривичниот и граѓанскиот оддел, додека по однос на годишен распоред за истите се донесени одлуки од страна на претседател и се запазени сите процедури, но и кога истиот бил изменет била донесена одлука за изменување, а се денесени и заведени под Су-број заради оправдени причини или подолг период заради пандемија со Ковид -19.Беше констатирано дека уписниците од судската управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС,но исто така и актите ги изготвува  во АКМИС, како и редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, и се вршат еднаш дневно после 14,00 часот, додека итните предмети веднаш и истите се вршет од страна на  уписничарите во судот.Огласна табла на судот функционира на видливо место.

При увидот исто така, во предвид работната група ги имаше и проверките за односите со јавноста, по однос на транспарентност на судот. Во судот за односите со јавноста е формирана канцеларија за односи со јавноста што се грижи за транспарентност на судот и е назначено лице, согласно годишен распоред во судот задолжено за односите со јавноста и веб-страницата на судот. Од разговор со истиот како и извршениот увид беше констатирано, дека  во судот редовно  се одговара на барања и прашања од страна на граѓаните и странките, имаа соопштение за јавноста по однос на средбите кои ги врши претседател на судот како и средба со медиумите, учествувањата по регионални и меѓународни конференциии, редовно соопштение по однос и во врска со

интерните и јавните огласи, исто така редовно има и соопштенија за месечни и годишни извештаи кои се достапни за јавноста.

## СОСТОЈБА ЗА СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

Судот годината ја започнал со 175 стари нерешени предмети. Во судот заклучно со 31.01.2022 година, имал 128 стари нерешени предмети (по критериум да од првиот датум на прием иницијалниот поднесок во судот се поминати повеќе од 2-две години).Од тоа 28 предмети биле од уписникот СТ, 24 од уписникот К, 13 од уписникот КУИКП, 18 од уписникот РО,7 од уписникот ВПП,5 од уписникот О,4 од уписникот П4, 4 од уписникот П1, 4 од уписникот ПЛТС,3 од уписникот Л,2 од уписникот РЕГВС, 2 од уписникот ВПП1, 2 од уписникот ПРК,2 од уписникот П2, , 2 од уписникот МАЛВП,1 од уписникот ИКП, како и 1-еден предмет од уписникот ВПП2. Голем број беа предмет на непосреден увид на списите од страна на работната група.

## ИЗВРШЕН УВИД ОД КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Предмет К-246/22
Предметот е примен во судот на 10.01.2020 година и е заведен под К-24/20 по поднесен обвинителен предлог на ОЈО Ш. Ко.бр.555/19 оде 10.04.2020 година, против Е. С. и С.Н. и двајца од Ш. како соизвршители за сторено кривично дело Кражба од чл.235 ст.1 од КЗ. Во текот на постапката утврдено било дека обвинетите се нједостапни на органите на прогон и за Е. С. донесено е Решение КсКр 60/21 од 18.05.2021 година со кое е дозволено судење во отсуство, а за обвинетиот С.Н. Решение Кс Кр 30/21 од 10.03.2021 година со кое исто така е дозволено судење во отсуство. На ден 08.04.2022 година е донесена Пресуда во отсуство на обвинетите со која обвинетите се огласени за виновни и осудени на казна затвор во траење од по една година.Пресудата е правосилна на ден 16.05.2022 година. На обвинетиот С.Н. со решение Кпов.бр.4/22 од 16.06.2022 година му е дозволено повторување на постапка и на ден 07.02.2023 година по закажена главна расправа во неговото присуство и присуство на бранител и изведување на доказите предметот е завршен.

Предмет К-259/19

Предметот во судот е примен по поднесениот обвинителен акт Ко.бр.639/18 од 15.04.2018 година од ОЈО Ш. , против обвинетиот Д.И. од Ш. за сторено едно кривично дело Безправно градење од чл.244-а ст.1 од КЗ и едно кривично дело Давање лажен исказ од чл.367 ст.3 в.в со ст.1 од КЗ.
Предметот е примен на ден 15.04.2019 година, по одобрен обвинителен акт КООА 16/19 од 11.06.2019 година. Прв пат е насрочен за 10.10.2019 година кога по барање на бранител на обвинетиот Д.И. по поднесеното писмено барање за одлагање е одложена главна расправа.
Предметот е одложен за 20.12.2019 година на која главна расправа не се јавил обвинетиот, а неговиот бранител го известил судот дека пред самата главна расправа на обнвинетиот му се влошил здравствена состојба и бранителот лично го однел до ПЗУ,, Д-р М.,, во Ш. , која здравствена ординација е веднаш до судот. Од Февруари 2020 година беше прогласена пандемија од Корона вирус Ковид-19 од СЗО.
На 17.03.2020 година по барање на бранител е одложена главната расправа поради влошена здравствена состојба на бранител на обвинетиот.
На ден 17.09.2020 година е одржана главна расправа на која се јави обвинетиот Д.И. роден 1943 година и по изведување на предложените докази предметот бил насрочен за 04.02.2021 година кога во доказна постапка треба да бидат сослушени вештите лица и техничкиот советник со оглед да одбраната имал доставено своја листа на докази, а кои наиди и мислења се спротивни.
На 04.02.2021 година, не се јавил бранител на обвинетиот од причини шпто истиот бил на изолација со оглед да бил тестиран на Корона вирус Ковид-19, па со оглед да станувал збор за обвинителен акт, а обвинетиот не сакал главната расправа да продолжи без негов бранител, предметот е пренасрочен за 21.05.2021 година.
На главната расправа на 21.05.2021 година не се јавил обвинетиот, а се јавил неговиот бранител и ќерка на обвинетиот кои до судот доставиле доказ- медицинска документација, дека на обвинетиот му е влошена здраствена состојба и не може да присуствува на главната расправа.
На 21.12.2021 година, повторно е одложено главната расправа, заради нарушена здравствена состојба поради претрпен мозочен удар.На 28.04.2022 година, обвинетито има ангажиран нов

бранител, адвокат М.Л. од Ш.  и поради влошена здраствена состојба главната расправа е одложено за 02.09.2022 година.
На ден 02.09.2022 година поради нарушена здравствена состојба и невозможмност на обвинетиот да се движи предметот и пренасрочен на 21.12.2022 година.
На 21.12.2022 година, пред судот се јави обвинетиот, кој беше со влошена здраствена состојба, потешкотии во движење со катетар и во присуство на член на семејство присуствуваше на главната расправа.Доказната постапка е во тек и новата главна расправа судот ја закажа за 17.03.2023 година за кога се повикани вештите лица и техничкиот советник за која дата по изведување на днаведените докази главната расправа треба да се заврши.

Исто така,  при посетата беа побарани на увид и други останати кривични предмети –кривични полнолетни, прекршоци и извршување на санкции, но при увидот не беа пронајдени неправилности по однос на постапувањата на судиите, а дел од стари, заведене како стари нерешени  предмети од претходна година веќе биле завршени или во фаза на завршување или изјавени жалби до Апелационен суд Ш. .

## <u>ИЗВРШЕН УВИД НА ПРЕДМЕТИ ОД ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ</u>

<u>1.Предмет ВПП.бр.130/22</u>

Се работи за експропријација на пат, предлагач е РМ ЈП за државни патишта. Било експроприрано за државен интерес и има проценка од Бирото во управна постапка. Прво рочиште било на 24.01.2019 година, имало неколку неуредни достави. Потоа рочиште на 02.02.2019 година, па на 16.05.2019 година на кое имало вештчење од противникот. Се правело обид за усогласување на вештачењата и има усогласување на 13.03.2020 година. На 29.09.2020 година била донесена одлука. Има одлука од Апелационен суд Ш.  со која ја укинува првостепната одлука. Повторно судење на 22.01.2021 година и одлука на 27.05.2021 година. Повторно е поднесена жалба. За стварно надлежен суд се определува Апелационен суд Б. Се укинува првостепната одлука и се закажува рочиште за 26.10.2022 година. На ова рочиште има прецизирање, па се закажува за 22.12.2022 година. Треба да се произнесе предлагачот, но бидејќи нема доставено допис се одлага рочиштето. Ново рочиште

закажано за 07.02.2023 година и според судијата има услови на ова рочиште да се заврши предметот.

2.Предмет П4.бр.11/20

Се работи за тужба за поништување на договор за продажба поднесена на 14.05.2020 година. Прво рочиште е закажано за 11.02.2021 година, многу доцна закажано. Се викаат странките, а по известување на адвокатот се одлага на неодредено време. Ваквото одлагање е неприфатливо. Потоа починува странка и има прекин на постапката. Продолжува на 07.03.2022 година. Потоа рочиште на 14.09.2022 година, а наредно рочиште на 02.12.2022 година бидејќи судот не го добил бараниот извод од МКУ. Судот праќал ургенции, па било закажано рочиште за 17.02.2023 година. Бидејќи изводот бил добиен на 14.12.2022 година овој предмет неосновано бил во застој предизвикан од претходниот судија, а сега судечкиот ажурно постапува.

3.Предмет П4.бр.46/19

Овој предмет е по тужба за штета од 06.12.2019 година. Има барање за изземање од судијата и истото е уважено. Рочиште на 12.03.2020 година. Многу се чека до закажување на првото рочиште. Прекин на постапката на 12.03.2020 година до завршување на постапката. Пред ОЈО има жалба на ова решение и истото се укинува. На 06.10.2020 година има рочиште, па на 25.12.2020 година со постапката продолжил друг судија. Го бараат предметот од ОЈО, па закажано рочиште за 15.11.2021 година и е донесено решение. Нема жалба бидејќи странките се откажале од правото на жалба, па до 15.11.2022 година нема поднесок за продолжување и предметот со решение е архивиран, бидејќи рокот за продолжување не е 1 година.

4.Предмет МАЛВП.бр.27/21

Тужба за штета. Прво рочиште на 05.03.2020 година, а потоа на 18.06.2020 година и на 29.09.2020 година. Пресуда на 29.09.2020 година. По жалба предметот е укинат. Потоа рочиште на 04.04.20201 година, па се одлага на неодредено време од пензиониран судија, а потоа презема судијата Ц. и тоа на 12.11.2021 година каде се бара усогласување, па има супервештачење. Потоа има приговор да се произнесат вештаците.

Се канат вештаци на 01.12.2022 година, уредно, не доаѓаат. Потоа се канат на 26.01.2023 година, уредно, не доаѓаат. Предметот е решен со пресуда на 26.01.2023 година.

5.Предмет П4.бр.38/19

Овој предмет е за регрес. Тужба на 16.10.2019 година. Подготвително рочиште за 04.02.2020 година. Долг период за закажување на рочиште. Потоа има прекин заради водење на кривична постапка. Се закажува рочиште за 03.04.2020 година, прекин на прекинот. Има жалба, а второстепениот суд ја укинува првостепената одлука. На 22.06.2020 година повторно прекин. Рочиште на 12.10.2022 година. На 14.12.2022 година предметот е решен.

6.Предмет П1.бр.4/20

Се работи за тужба за сопственост од 23.01.2020 година. Прво рочиште на 17.03.2021 година. Судијата изземен на 22.04.2021 година. Презема судија А.Ц. Рочиште 02.09.2021 година. Потоа се закажува на 22.11.2021 година поради усогласување, кое било неуспешно. На 19.04.2022 година се нала судско вештачење. Има супервештачење, па на 19.10.2022 година се одлага за вонсудско решавање и се закажува рочиште на 14.12.2022 година на кој ден предметот е решен со пресуда.

7.Предмет ВПП.бр.39/21

По две укинувања сега предметот носи број ВПП.бр.39/21. Закажно рочиште на 01.11.2021 година, потоа за 28.12.2021 година, па за 28.12.2021 година за да се произнесе вештакот. Понатаму се закажуваат 5 рочишта, така што на 31.01.2023 година предметот е решен со одлука.

8.Предмет П4.бр.17/22

Овој предмет е завршен на 31.10.2022 година. Во Апелациониот суд е по жалба од 09.12.2022 година.

**ИЗВРШЕН УВИД ОД ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД УПИСНИЦИ ТС,ТС1 И СТ**

Предмет ТС бр. 1/16,

Од увид во списите е констатирано дека предметот е примен на 01.02.2016 година, спор од облигацион карактер,распореден кај судија М.Ѓ.,со уредно платена судска такса,доставен на одговор на другата странка на ден 02,02.2016г,Прво подготвително рочиште одржано на ден 18.05.16 година, решение за главна расправа на ден 18.05.2016 година,расправата по предметот на овој спор е заклучена со решение на 06.10.2016,одлуката е објавена и доставена до странките и е ставено клаузула за правосилност на ден 07.11.2016 година. По предметот на овој спор сметано е дека се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

Предмет ТС-1 бр.21/19, облигации(долг),примен на ден 10.12.2019 година ,распореден кај судија А.Ц.,такса уредно платена,со уредно заведени процесни дејствија во попис на списи,подготвително рочиште закажано и одржано на ден 11.03.2020г,(одржани повеќе подготвителни рочишта со цел да се усогласат странките за постигнување на судска спогодба),главна расправа закажана и одржана на ден 17.03.22 година,предметот не е завршен,закажано е рочиште за главна расправа за ден 15.02.2023 година,се очекува заклучување на расправата.Со согласност на странките,се одуговлекува постапката.

Предмет ТС1 бр.2/19,примен во работа во 2016 година,имотен спор-штетата,рапореден кај судија А.Ц., такса уредно платена,со уредно заведени процесни дејствија во попис на списи ,предметот е незавршен,еднаш укинат,закажано рочиште за ден 23.03.2023 година.По предметот на овој спор се смета дека се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

Предмет ТС бр.1/20,стопански спор, согласно електронската распределба доделен во работа,прифатен од Судијата-М.Р.,навремено превземени сите процесни дејствија,донесена првостепена одлука на која незадоволната странка има изјавено жалба до Апелациониот суд Ш. ,следи достава на предметот на

надлежно одлучување.По предметот на овој спор се смета дека се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

Предмет СТ бр.56/10,отворена стечајна постапка,по изјавен предлог на ден 11.05.2010 година,а стечајната постапка е отворена на ден 27.01.2011 година.Во текот на постапката се одржани испитно рочиште на ден 07.05.2012 година, а извештајно собрание на доверители на ден 26.11.2012 година,на кое доверителите донеле одлука,а која е верификувана од стечајниот судија деловниот потфат на должникот да се ликвидира,со впаричуване на должниковиот имот,која одлука е донесена на ден 24.09.2013 година.По разговор со стечајниот судија А.Ц. на кого овој предмет му е доделен во работа во текот на 2020 година,бев запознат дека повеќе години уназад се преземени дејствија и се водат спорови во врска со имотот на должникот по предлог на стечајниот управник и сопственицитe на должникот(исполнување на правни работи,побивање на правни дејствија,ништавност на упис на акции,утврдување на право на сопственост на имот на должникот).Постапките се правосилно завршени се создадени услови за завршување на постапката а по предходно преземање на дејствија во врска со распределба на имотот на доверителите,закажано е сообрание на доверители за ден 03.03.2023г,на кое че бидат доверителите информирани за распределба на имотот,по што ќе следи заклучување на постапката.Од увид во списите на предметот членот на работната група не бил во можност да констатира причини (оправдани или неоправдани) за долгото траење на постапката. Предметот да се следи,и да се влијае на поголема ажурност во постапувањето.

Предмет СТ бр.71/13,стечаен предмет распореден кај судија М.Г., по истиот постапката е водена од повеќе судови(Окружен стопански суд, Основен суд К. и Основен суд Ш. ),и исто така повеќе Стечајни судии,Членови на стечаен совет.До 2013 година,стечајната постапка се води пред Основниот суд К.,а по донесено решение од страна на В. суд Р.бр.80/13 од 31.10.2013 година,за стварно и месно надлежен суд да постапува во отворената стечајна постапка се определува Основниот суд Ш. ,сметано од 24.12.2013 година,кога е и физички предаден на постапување на стечајниот совет при ОС-Ш.

.Во текот на отворената стечајна постапка се поведени повеќе парници за поврат на имотот на стечајниот должник и формирање на стечајна маса,постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти сопственост на должникот,по што е пристапено кон проценка на имотот на должникот,и донесена е одлука за ликвидација на деловниот потфат,усвоен план за конечна распределба,со која се предвидува намирување на доверителите во 100%,како целосно намирување на трошоците во стечајната постапка.Стечајната постапка е во завшна фаза,се очекува до месец 06.2023 година ,Стечајната постапка да биде окончана.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Предмети од граѓанска област врз кои беше извршен увидот како стари нерешени предмети кои биле затекнати од претходна посета. До застарување на овие предмети што се водат како стари не е дојдено поради неажурноста на сегашните судечки судии, туку дел од судија кој е во пензија и ги одлагал на неодредено време. По истите постапувано е ажурно и совесно, и кај сите постои одлука т.е. се завршени. Предметите биле одлагани поради фактот што се укинати посебно експропријациите, праді усогласување на вешти лица, неужурни достави и итн. Но во секој случај судиите постапувале ажурно и согласно закон. Фактот што беше забележано дека има подлг временски период од тужбата до првото рочиште е заради зголемениот прилив на предмети, а кадровски не е пополнет, кое нешто преставува објективна околност на вакво одлговлекување, но не по вина на судечките судии.

По однос на предметите од уписници СТ, и ТС на кои беше извршен увид, е констатирано, долго траење на постапката,отсаство на мерки за поефикасно и поажурно постапување на судот до заклучување на расправите и донесување на одлука. Долго траење на постапката, да се охрабри судијата поажурно да постапува,да бара од органите на стечајната постапка поголема ажурност,за заклучување на постапката.

Предметите од работни спорови , дел од нив не се решаваат и можно е да во одреден иден период дојде до тоа да тие предмети влезат во категорија на ,,стари нерешени предмети, имајќи во предвид и големиот прилив на предмети од овој вид, па видно од

веќе непостапување на органи и институции дел од предметите не се решени, и не е причината на непостапување по вина на судии, туку објективни пречки кој дават дополнителе товар за судиите и судот.

Од извршениот увид, на кривични предмети не беа пронајдени неправилности по однос на постапувањата на судиите, а дел од стари, заведене како стари нерешени предмети од претходна година веќе биле завршени или во фаза на завршување, доставување на одлуки или изјавени жалби до Апелационен суд Ш. , но иако не може да се констатира некој сериозен пропуст од страна на претседател на судот и судиите што укажува на нивната субјективна одговорност, сепак постои одолговлекување од објективни причини.

Од се опфатен преглед и дискусии со претседател на судот и увид на определени превземени дејиствија од неговата страна може да се констатира дека, редовно на седницииu на судии и постојано се укажува на судиите да се даде максимален приоритет во решавање на старите предмети и да се бара помош и преку ургенции за побрзо решавање и отстранување на пречките за решавање на предметите до сите надлежни органи и институции и изготвување на соодветен акционен план со наведување на динамика и дејиствија кои требат да се превземат со цел побрзо решавање на предметите , а особено на стари нерешени предмети.

**ПРЕВЗЕМАЊЕ НАВРЕМЕНИ ДЕЈИСТВИЈА**

Имајќи во предвид увидот при посетата на Основен суд Ш. , како и дискусиите со Претседател на судот, претседателите на одделите и останатите судии, а во предвид условите за работа намалениот број на судии согласно систематизацијата и намалениот број на службата во судот, број на прилив на предметите и можностите при нивното постапување, потребно е да се има во предвид и превземат мерки односно обврска за ажурно постапување по судските предмети, согласно изготвениот Акционен план за намалување на заостатокот на нерешени стари предмети, а посебно стечајните предмети и преметите од работни спорови.

Да се следи работата на стари нерешени предмети во судот преку АКМИС програмата и преку работното тело заедно со претседателите на одделите, а со посебно внимание и изнаоѓање

за решавање на стечајни предмети и предметите од работни спорови, а по потреба со исполнување на план и евентуално негово дополнување и измена да се разгледа секој месец на редовни седници на судии, како и заеднички непосреден увид во списите на предметите со цел изнаоѓање решение за надминување на пречки и побрзо решавање на предметите.

Судиите секој месец да доставуваат писмен извештај за стари нерешени предмети со причина за нерешавање и динамика со план кога би се решил предметот, така што во текот на 2023 година реално да се очекува да се намали бројот на нерешени стари предмети со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок и под услови да нема зголемување на прилив на предмети во судот.